**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-499/16**

**Скопје, 10.09.2008 година**

**До**
**Основен суд Куманово – Куманово**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Куманово - Куманово - сметка за редовно работење (во понатамошниот текст Основен суд) за 2007 година кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Основен суд Куманово – Куманово - сметка за редовно работење за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   › Селвер Исмани - Претседател на Основен суд Куманово - Куманово.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 09.06.2008 година до 11.07.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *10.1. Систем на интерни контроли*

#### *Процес на евидентирање на влезни фактури*

10.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на евидентирање на влезни фактури констатирана е ненавремена сметководствена евиденција. Ваквата состојба се должи на отсуство на пишани процедури и невоспоставени контролни постапки што создава ризик од некомплетност и нецелосност на искажаните превземени обврски како и нереални и необјективни податоци во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Основниот суд да превземе мерки за донесување и воспоставување пишани процедури кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки и ќе обезбедат законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на средствата.

### *10.2. Неправилна примена на акти:*

10.2.1. Основниот суд нема секретар на судот како стручно – државен службеник, спротивно на член 100 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија„ бр.58/06), поради необезбедени средства од Судски буџетски совет. Ваквата состојба влијае на ефикасно, квалитетно и навремено извршување на стручните и административните работи и работите од доменот на судската управа.
Ревизијата не дава препорака бидејќи Основниот суд во 2008 година во соработка со Судскиот буџетски совет и Агенцијата за државни службеници, обезбеди пополнување на работното место – секретар на судот.

10.2.2. Основниот суд во текот на 2007 година има склучено 16 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, а не за привремени и повремени работи, што не е во согласност со Законот за работни односи. Со Писмо до Судски буџетски совет, побарана е согласност за 22 вработувања, за кои во текот на 2007 година не е добиена. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

на средствата во износ од 204 илјади денари од сметката за редовно работење и во износ од 208 илјади денари од сметката приходи наплатени од органи, како и неможност ангажираните лица да ги остварат правата од редовен работен однос.

**Препорака:**
Основниот суд потребата од нови вработувања да ја врши во соработка со Судскиот буџетски совет и Министерството за финансии согласно позитивната законска регулатива, а ангажирањето на лица по договор за дело да се врши согласно одредбите од Закон за агенциите за привремени вработувања.

### *10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела*

10.3.1. Со ревизија на пописот на средствата и нивните извори, се утврдени следниве неправилности:

- Основниот суд, расположливите и ново набавени средства не ги евидентира во книга на капиталниот имот (книга на основни средства) со соодветна аналитичка евиденција,
- од страна на комисијата за попис извршен е само физички попис на опремата и ситниот инвентар, односно не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба,
- не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2007 година, односно од страна на комисијата за попис не е утврден правниот основ и старосната структура на обврските на судот,
- не е изготвен Извештај за извршениот попис од страна на пописната комисија.

Неспроведувањето на пописот од страна на пописната комисија во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници создава можност од нецелосно евидентирање на материјалните средства и нереално и необјективно проценување на билансните позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Основниот суд да превземе активности за пропишување соодветни политики за извршување на целосен попис.
Да се воспостави материјална евиденција на материјалните средства во сметководството на субјектот.
Да се утврди фактичката состојба на материјалните средтва и нивните извори и да се изврши усогласување со сметководствената евиденција.
Да се утврди правниот основ и старосната структура на обврските на судот со цел да се превземат мерки за нивно навремено плаќање и избегнување на ризикот од можни судски постапки и плаќање на затезни камати.

10.3.2. Пресметаната амортизација на материјалните средства во финанасиските извештаи не е реално искажана поради следното:

- не е воспоставена материјална евиденција на материјалните средства,
- не е пресметана амортизација на градежните објекти,
- при пресметка на амортизацијата на опремата не се применети годишни стапки за отпис на долгорочни средства од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници,

што не е во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба предизвикува нереално и необјективно прикажување на сегашната вредност на материјалните средства во финансиските извештаи на Основниот суд.

**Препорака:**
Да се воспостави материјална евиденција на материјалните средства во сметководството на Основниот суд, а при пресметка на амортизацијата да се применуваат годишни стапки за отпис на долгорочни средства по амортизациони групи на кои припаѓаат.

10.3.3. За извршените набавки на ситен инвентар, алат и материјали, судот нема воспоставено материјална евиденција во сметководството согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, односно истите не се евидентираат преку соодветна документација (приемници и испратници). Поради невоспоставената пракса на магацинско и материјално работење постои можност од злоупотреба во користењето на материјалите и ситниот инвентар, како и неможност на утврдување на лична одговорност за истото.

Ревизијата не дава препорака бидејќи од страна на Судски буџетски совет во тек е имплементација на модулите за Буџетско и Финансиско работење од автоматизираниот систем за буџетски менаџмент на ниво на судска власт. Судски буџетски совет со циркуларно писмо ги задолжува сите единки корисници на судската власт, меѓу кои и Основниот суд Куманово, заклучно од 01.07.2008 година пристигнатата финансиска документација во судот да ја евидентираат тековно (ден за ден), за да се овозможи користење на ажурирани податоци при изготвувањето на потребните извештаи и одобрувањето на средства. Активното користење на модулите за Буџетско и Финансиско работење подразбира и задолжително воспоставување на магацинско и материјално работење во Основниот суд.

10.3.4. Врз основа на Одлука за отпис на застарени обврски по основ на неисплатен надоместок на вешти лица, адвокати и толкувачи донесена од страна на Претседателот на Основниот суд во износ од 3.023 илјади денари извршено е отпис на обврските во сметководствената евиденција на износ од 3.296 илјади денари, што не е во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на евидентирање влијание врз реалноста и објективноста на искажаните обврски во финаниските извештаи како и наменско и законско работење на субјектот.

**Препорака:**
Основниот суд да ја преиспита евиденција на обврските во однос на секој добавувач поодделно, да ја корегира и потврди евидентираната состојба, а евиденцијата на финансиските трансакции да ја врши согласно сметководствените документи.

10.3.5. Листата на постојани судски вештаци на Основниот суд не е ажурирана/ преоценета во последните две години. Основниот суд ангажира вештаци од постојаната листа на вештаци од 1999 година, како и надвор од неа спротивно на член 255 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија„ бр.15/05 - пречистен текст), согласно кој врз



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

основа на стручноста, искуството од соодветната област, техничка опременост, угледот во професијата и други околности се определува вештак од постојаната листа на вештаци, објавена и преоценета на секои две години. Вака воспоставената пракса на ангажирање на вештаци, придонесува исплатата на средства за оваа намена да се врши спротивно на позитивната законска регулатива.

Ревизијата не дава препорака бидејќи во 2008 година изготвен е нов Список на постојани вештаци Су.бр.179/08 од 06.03.2008 година по претходно објавен оглас.

10.3.6. Во текот на ревизијата беа доставени конфирмации за усогласување на обврските искажани во финансиките извештаи. Од вкупно испратените 12 конфирмации добиени се 5 одговори што преставува 42% од вкупно испратените, од кои 8% се усогласени, додека 33% не се усогласени со евиденцијата на Основниот суд. Поради нискиот процент на усогласеност, ревизијата не ја потврдува реалноста и објективноста на искажаните обврски во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Основниот суд да превземе активности за усогласување на обврските најмалку еднаш годишно, кое ќе преставува основ за нивното реално и објективно прикажување во финансиките извештаи.

## *10.4 Ненаменско и незаконско користење на средства:*

*Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

10.4.1. Со ревизија на јавните набавки кај Основен суд Куманово се утврди следното:

- Не е донесен План за јавни набавки согласно член 11 од Законот за јавни набавки;
- Во текот на 2007 година од страна на Основниот суд се превземени обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки во износ од 2.723 илјади денари од сметката за редовно работење и во износ од 555 илјади денари од сметката приходи наплатени од органи.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

10. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1, 10.2, 10.3 и 10.4, финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Куманово – Куманово – сметка за редовно работење на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.1, 10.2, 10.3 и 10.4., кај Основен суд Куманово – Куманово – сметка за редовно работење не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

12. **Ревизијата има за обврска да обелодени дека:**

- Во тек се судски постапки по основ на неизмирени обврски на Основниот суд за осигурување на опрема и надомест на вешти лица за извршени вештачења, во вкупен износ од 2.573 илјади денари. Исходот на овие постапки ќе има влијание на износот на обврските на судот, како и на одливот на буџетските средства на име затезни камати за ненавремено измирување на обврските.

- Средствата за надомест за трошоците за сведоци, вештаци, преведувачи, толкувачи и стручни лица, како и трошоци на увидот во кривична и прекршочна постапка во Основните судови во Република Македонија, се исплаќаат според Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопански престапи (Службен весник на СРМ 11/1988 година), донесен врз основа на Закон за редовните судови, кој закон престанува да важи со донесувањето на Законот за судови во 1995 година, а кој престанува да важи со донесувањето на новиот Закон за судови во 2007 година. Исплатата на средствата кои претставуваат државни расходи се врши врз основа на законски и подзаконски акти кои се вон сила, поради тоа што министерот за правда нема донесено поблиски прописи за надомест на трошоците на кривична постапка, (кои важат и за прекршочна постапка), ниту акт за критериуми за видот, висината и надоместокот за вештачењето, согласно член 96 од Законот за кривична постапка (Службен весник на РМ 15/2005 година, пречистен текст);

- Средствата за надомест на судии поротници и средствата за надомест за дежурства на судии во Основните судови во Република Македонија, се исплаќаат по подзаконски акти донесени врз основа на Законот за судови во 1995 година, а кој престанува да важи со донесувањето на новиот Закон за судови во 2007 година, согласно кој Министерот за правда е овластен истите да ги донесе во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на законот, односно до јуни 2007 година. Истите до денот на вршење на ревизијата не се донесени, поради што исплатата на средствата кои претставуваат државни расходи се врши врз основа на законски и подзаконски акти кои се вон сила;

- Од страна на Министерството за правда, во тек е воспоставување на информатички систем врз единствена методолошка и технолошка основа за сите правосудни органи, со чија имплементација ќе се обезбеди креирање на електронски досиеа на судски предмети во единствена база на податоци за правосудниот и информациониот систем, намалување на времето на обработка на предметите и зголемување на ажурноста на судовите.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 04.09.2008 година**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

**Основен суд Куманово**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 63,693 | 51,065 |
| **Вкупно приходи** | **63,693** | **51,065** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 52,257 | 47,490 |
| Резерви и недефинирани расходи | 0 | 30 |
| Стоки и услуги | 11,408 | 3,545 |
| Субвенции и трансфери | 28 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **63,693** | **51,065** |
| **Вкупно расходи** | **63,693** | **51,065** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*
*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------

**Основен суд Куманово**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 19,317 | 27,887 |
| **Вкупно тековни средства** | **19,317** | **27,887** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 92,151 | 94,924 |
| **Вкупно постојани средства** | **92,151** | **94,924** |
| **Вкупна актива** | **111,468** | **122,811** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 14,781 | 22,769 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4 | 4 |
| Обврски спрема државата и други институции | 172 | 1,479 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4,364 | 3,638 |
| **Вкупно тековни обврски** | **19,321** | **27,890** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 92,147 | 94,921 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **92,147** | **94,921** |
| **Вкупна пасива** | **111,468** | **122,811** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*
*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------

**Основен суд Куманово**
**Средства од судски буџет**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **94,921** | **-** | **94,921** |
| **Зголемување по основ на:** | **537** | **40** | **577** |
| Набавки | 537 | 40 | **577** |
| Преотстапени постојани средства | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **3,311** | **40** | **3,351** |
| Отпис на капитални средства-Расход | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 3,311 | 40 | **3,351** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **92,147** | **-** | **92,147** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*
*----------------------------*